ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0903-146/10**

**Дата: 29.07.2009**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика – средства од Буџетот на РМ за заштита на деца, за 2008 година, кои се прикажани на страните 3 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика – средства од Буџетот на РМ за заштита на деца за 2005 година и извршена е ревизија на успешност за заштита на деца и други облици на заштита за 2005 и 2006 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

    - Љупчо Мешков, министер, од 31.08.2006 до 26.07.2008 година.
    - Џељаљ Бајрами, министер од 31.07.2008 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 18.05.2009 до 05.06.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, финансиската состојба на Министерството за труд и социјална политика - средства од Буџетот на РМ - заштита на деца, под 31 Декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Министерството за труд и социјална политика - средства од Буџетот на РМ – заштита на деца, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

12. **Прифатени и корегирани неправилности во текот на ревизијата**
Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на министерството извршени се корекции и тоа:
    - За вложувањата во објектот во изградба (детска градинка), извршено е намалување на позицијата Градежни објекти и Извори на капитални средства, во корист на позицијата Материјални средства во подготовка и Други пасивни временски разграничувања во износ од 14.295 илјади денари. Исправката на вредноста во износ од 866 илјади денари и пресметаната ревалоризација на овие вложувања во износ од 143 илјади денари се сторнирани;
    - За компјутерскиот софтвер за декомпресија на плати за детски градинки намалена е позицијата Опрема, во корист на позицијата Нематеријални вложувања во износ од 44 илјади денари. Извршена е и корекција на исправката на вредноста на ова вложување и наместо 14 илјади денари пресметана и евидентирана е амортизација во износ од 26 илјади денари.

Корекција е извршена во налог за книжење бр.10-010 од 01.01.2009 година.

## 13. Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2005 година.

13.1. Во однос на препораките дадени во Конечниот ревизорски извештај за 2005 година, ревизијата констатира дека за наодите во точката 10.1. кои се однесуваат на распределба на средства по ЈУ – детски градинки без утврдени критериуми, субјектот преземал мерки и ги надминал утврдените неправилности.

Скопје, 29.07. 2009 година

**Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 906,891 | 306,929 |
| **Вкупно приходи** | **906,891** | **306,929** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 935 | 786 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 872,853 | 290,634 |
| Субвенции и трансфери | 80 | 80 |
| **Вкупно тековни расходи** | **873,868** | **291,500** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 33,023 | 15,429 |
| **Вкупно капитални расходи** | **33,023** | **15,429** |
| **Вкупно расходи** | **906,891** | **306,929** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 59 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **59** | **0** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 17 | 0 |
| Материјални средства | 0 | 14,325 |
| Материјални  средства во подготовка | 14,295 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **14,312** | **14,325** |
| **Вкупна актива** | **14,371** | **14,325** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 14,354 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **14,354** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 17 | 14,325 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **17** | **14,325** |
| **Вкупна пасива** | **14,371** | **14,325** |